## Документирање на фреско-сликарството

За потребите на Проектот беше подготвена целосно нова и најсовремена документација за споменикот (и особено за живописот), но и за конакот и камбанаријата. Овој вид документација е прва од ваков вид подготвена за споменик на културата во Република Македонија. Тим од специјалисти прво направи топографско снимање на локацијата. Овие истражувачки информации беа вклучени и применети во изготвувањето на фотограметрија и аксонометрија за целиот споменик. Со цел да се добие целосен и најпрецизен приказ на споменикот беше изработен тродимензионален модел на црквата од страна на специјализирана компанија. Оваа документација беше високо оценета од страна на експертите за конзервација вклучени во Проектот и тие веќе ја искористија за прецизно документирање на состојбата на живописот како целосна техничка докуметација со аналитичка графичка документација на патологијата.